Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип, со технички број 005-УППГДЗ/2022 од декември 2022 година, кој е објавен на веб-страницата на Министерството за транспорт и врски.

(3) Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип се состои од:

- Графички дел кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели;

- Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и

- Составни делови на урбанистички план

А)Графичкиот дел содржи:
- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ИЗВОД ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ........................................................................1:5000
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА.............................................................. .....1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ ..............................................................1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА ..........................................................................1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИ ОПФАТ..........................................................................................1:1000

- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
-ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ СО ГРАНИЦИ НА ПОВРШИНИТЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ................................................ 1:1000
-РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН СО ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА РЕГУЛАЦИОНИТЕ ЛИНИИ................................ 1:1000
- ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА И ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ.......................... 1:1000
ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО.....................................................................................1:1000
-СООБРАЌАЕН ПЛАН СО ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА................ 1:1000
-ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ ........................................................ 1:1000
-СИНТЕЗЕН ПЛАН ....................................................................................................... 1:1000

Б) Текстуалниот дел содржи:
- СОДРЖИНА НА ОПШТ ДЕЛ
- ДРД образец на фирма
- Лиценца
- Решение за овластен планер
- Овластување
- ПРИЛОЗИ КОН ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
- ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ И МИСЛЕЊА
- ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

В)Составни делови на урбанистичкиот план се:
- ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
- ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- ЕЛАБОРАТ ЗА ВЛИЈАНИЕ НА ФОТОНАПОНСКАТА ЦЕНТРАЛА ВРЗ ГАСОВОДОТ
- ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ОДБЛЕСОКОТ И СВЕТЛИНАТА ОД ФОТОВОЛТАИЧНАТА ЦЕНТРАЛА ВРЗ АВИОНИТЕ ОД СПОРТСКИОТ АЕРОДРОМ „ШТИП“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 41-11649/4**
**27 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата